РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-1287/15
19-09-2018 201 __ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 34 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/06,бр.150/10, 100/2011, бр.20/2015, бр.61/2015, бр.197/17 и бр.83/18 ) и член 23 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/08 и 124/10), а во врска со член 10 став 2 алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 18.09.2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирањето и чувањето, како и повторното враќање на зачуваните лични податоци што се предмет на обработката во Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) кој согласно Законот за заштита на личните податоци се јавува во својство на контролор на лични податоци.

## Член 2

Советот врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот и нивно чување, согласно Процедурата за бекап на податоците во информациските системи на медиум, за да се спречи нивно губење или уништување. За таа цел Советот на крајот на еден или два работни ден/а врши снимање на внесените податоци во информациските системи, така што во случај на пад на информациските системи или нивно оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани на сигурносна копија.

Заради заштита од неовластен пристап, сигурносните копии се сместени во безбеден простор заштитен со брава, до кој има пристап само администраторот за информацискиот систем.

**Член 3**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци од сигурносната копија, се врши евидентирање на овластеното лице за враќање на податоците, како и евидентирање на датумот на враќањето на податоците и категоријата на податоци што се враќаат.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ